Гордо исправи се!
не коленичи,
не барај милост
Од тие кои одлучиле
Да заминат, д а одлетаат
И поразот прими го
Како круна
Ако совеста и света
Ти се бистри
Како сјајот
на утринската роса.
Исправи се!
И соѕвездијата, понекогаш
се разделуваат.
И птиците од едно гнездо
Се разлетуваат
на разни правци.
И јатото останува
без сите сопатници
Погледни!
И птиците кога се разделуваат
си даваат знак.
Кој лета
На кој правец
И водите кога се разделуваат
на воделелница се поздравуваат,
можеби ќе се најдат
во морето и океаните.
Разделбите не треба да носат
Порази и болки
Достоинство и болките
Прими го таинствено
Како бодеж,
Кој брзо одлетува..
Запомни
Само достоинствените
Храбрите создаваат
големи дела
Исправи се
продолжи го патот!
Кој го зацртавме, кон соѕвездието.
А ти да блескаш како ѕвезда.
Раџделбата може да е и победа. И на поразениот.



**ВАНГЕЛКО ЛОЗАНОВСКИ**